# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД "МОДА"-СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2011 ГОД.

**Назив на субјектот:** Акционерско друштво за производство на Конфекциски производи "Мода"
**Седиште на субјектот**: Ул."М.Тито" бр.79 - 2220 Св.Николе
**ЕДБ на субјектот**: 4025996101620

Во текот на 2011 год. АД МОДА Св.Николеоствари производни и финансиски резултати кои се нешто подобри од 2010 год.

Соработката со германската компанија "Casa Moda Heinrich Katt" продолжи успешно да се реализира и се оствари извоз на 1.121.956 машки кошули во вредност од 3.539.041ЕУР, кој е за 2,5% подобар од минатогодишниот.

Остварената продуктивност, изразена преку остварен девизен прилив на 1 работен час, изнесува 4,48 ЕУР/час и е подобра за 15% во однос на минатогодишната.

Ваквото зголемување е резултат на пословожените модели за работа при што се јавува зголемување на цените за единица производ од 10% и зголеменатa продуктивност за 5%.

Остварена е бруто добивка во износ од 45.747.094 денари, што преставува зголемување за 19,6% во однос на 2010 год. .

Зголемувањето на на бруто добивката главно се должи на зголемените приходи од извоз на готови производи.

И во 2011 год. продолжија со важност измените на Законот за данок на добивка па наместо Данок на добивка се пресмета и плати Данок на непризнаени расходи во износ од 35.379 денари, а при исплатата на дивидендата ке се плати Данок на дивиденда кој во суштина е замена на поранешниот Данок на добивка. Така остварената Нето добивка изнесува 45.711.715 денари и е за 19,7% повисока од минатогодишната.

## Основни финансиски показатели

-Вкупниот збир на Активата/Пасивата во билансот
на состојба на 31.12.2011 год. изнесува:................................ 280.224.230 ден
-Приходи од редовно работење............................................. 261.369.416 ден
-Расходи од редовно работење................................................ 218.327.530 ден
-Добивка од редовно работење.............................................43.041.886 ден
-Финансиски приходи................................................................ 2.925.028 ден.
-Финансиски расходи.................................................................. 459.442 ден.

**Показатели за финансиската состојба**
**-Показатели за финсиската стабилност**

1. Финансиска сигурност (Учество на капиталот и резервите во вкупната пасива)........................................................................................ 95 %.
2. Степен на кредитна способност (Однос помеѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и долгорочните обврски спрема постојаните средста)........................................................................................ 494%
3. Степен на самофинансирање (Однос помеѓу капиталот, резервите и долгорочните резервирања спрема постојаните средства и залихите).................................................................. .........................359 %
4. Степен на задолженост (Однос на Вкупните долгови спрема капиталот и резервите).........................................................................5 %
5. Степен на покритие на тековните средства......................................126%

**Показатели на ликвидноста**

1. Показател на моментната ликвидност ( Однос помеѓу хартиите од вредност и паричните средства спрема краткорочните обврски)..........................................................................................180%

2 Показател на тековната ликвидност ( Однос помеѓу тековните средства, намалени за залихите и краткорочните обврски)............ 1476%

3. Показател на општата ликвидност (Однос помеѓу тековните средства и краткорочните обврски)................................................1667 %

**-Показатели на деловната успешност**

1. Однос на вкупните приходи и вкупните расходи...............................121 %
2. Однос на деловните приходи и деловните расходи..........................120 %
3. Однос на приходите и расходите од финансирање....................... 636%

-**Показатели на рентабилноста**

1. Однос на бруто добивката и вкупната актива................................16.3 %
2. Однос на бруто добивката и Вкупните приходи..............................17.3 %
3. Однос на Бруто добивката и капиталот со резервите....................17.0 %

**-Други показатели**

1.Профитна стапка (Нето добивка во однос на капитал и резерви)...17 %

Од прикажаните показатели се гледа дека АД "Мода" и понатаму бележи многу висока финансиска сигурност и стабилност која се одразува позитивно на високата ликвидност на фирмата. Показателите на деловната успешност се подобри од минатогодишните. Показателите за рентабилноста во 2010 год. се исто така подобри од минатогодишните, а остварената профитна стапка е поголема од каматната стапка на депозитите во банка.

Во текот на 2011 год. вкупните инвестиции во движен и недвижен имот изнесуваат околу 120.000 ЕУР.

Целокупните средства со кои располага друштвото се во негова сопственост и друштвото нема потреба од никакви задолжувања кај банки или други кредитори.

Целокупниот ризик во работењето на фирмата е поврзан со фирмата "Casa Moda Heinrich Katt" со нивните успеси и падови.

За идното работење ке биде особено важно движењето на побарувачката за конфекциски производи на западно европските пазари и порастот на платите во Македонија.

Не постојат средства во друштвото кои поради неадекватно мерење можат да предизвикаат влијание на финансискиот резултат или пак да предизвикаат скриени добивки односно загуби.

Св.Николе 27.02.2012 год.

ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

Грозде Цветковски

____________________